ADING
состојка на секоја градба

# ФЛУИДИНГ МС

*Пластификатор за бетон и малтер / успорувач на врзувањето*
*Одговара на: EN 934-2: T10*

АДИТИВИ ЗА БЕТОН И ЦЕМЕНТ

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Подготовка на “стандардни” бетонски мешавини наменети за изведба на различни позиции кај градежните објекти (темелни и други подземни конструкции, АБ столбови, греди и меѓукатни конструкции, бетонски коловозни конструкции, хидротехнички објекти, потпорни ѕидови и др).
Подготовка на бетонски мешавини кои се наменети за транспорт и вградуваат со пумпа;
Бетонирање градежни елементи со густо армирани пресеци;
Бетонирање во услови на високи амбиентални температури;
Бетонирање на масивни бетонски пресеци, каде има опасност од појава на несакани последици предизвикани од егзотермните процеси во бетонот;
Подготовка на цементни инјекциони смеси;
Подготовка на економични бетони со оптимален однос помеѓу компонентите и перформансите на бетонот;

## СВОЈСТВА

- Овозможува редукција на вода до 12%;
- Го одложува почетокот на врзување на бетонот,
- Овозможува продолжен транспорт и вградување на бетонот (до 60 минути)
- Ја подобрува обработливоста на бетонот без дополнително додавање на вода;
- Го олеснува вградувањето и негата на бетонот во услови на високи амбиентални температури;
- Ја зголемува компактноста и водонепропусноста на бетонот;
- Ги подобрува физичко-механичките карактеристики на бетонот (зголемени крајни јакосни карактеристики);

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНАОСТ |
|---|---|---|
| Изглед | Визуелно | Кафена течност |
| Волуменска маса (на 20ºC) | ISO 758 | (1.12±0.03) g/cm$^3$ |
| Содржина на хлориди | EN 480-10 | ≤0,1% |
| Содржина на алкалии | EN 480-12 | ≤4,0% |
| pH вредност (на 20ºC) | ISO 4316 | 6,5±1,0 |



АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850;е-пошта: ading@ading.com.mk
www.ading.com.mk

АДИТИВИ ЗА БЕТОН И ЦЕМЕНТ

## ДОЗИРАЊЕ И ПЕРФОРМАНСИ:

Оптималното дозирање на ФЛУИДИНГ МС се движи од 0,3 до 1,5% во однос на количеството на цемент во бетонската мешавина. При вакво дозирање се постигнува редукција на вода до 12% (Дијаграм1). Притоа, соодветно се постигнува покачување на јакосните карактеристики на бетонот на 7 и 28 дена (Дијаграм2).




*Дијаграм 1*




*Дијаграм 2*

*Референтен бетон I според EN 480-1 со употреба на CEM I 42.5R*

Оптималното дозирање на ФЛУИДИНГ МС најдобро се одредува со претходни лабораториски или индустриски испитувања.
Во услови на високи амбиентални температури, или во случај кога производството, транспортот и вградувањето на бетонот трае подолго од 60 минути, препорачана дозажа на ФЛУИДИНГ МС е над 1,0%, додека свежиот бетон треба да биде со повисока класа на конзистенција (S3 или S4).
Дозирањето на адитивите се врши рачно или автоматски во текот на производството на бетонот. Најдобар ефект се постигнува кога ФЛУИДИНГ МС се додава заедно со последните 20-30% од потребната вода во бетонот, во претходно измешани агрегат, цемент и 80% од вода во бетонот. Препорачано времетраење на мешањето на свежиот бетон со додаток на ФЛУИДИНГ МС не треба да трае пократко од 90 секунди.
**Ефекти од предозирање**: Превисоко дозирање на ФЛУИДИНГ МС може да предизвика сегрегација, како и одложено врзување на бетонот.

## КОМПАТИБИЛНОСТ

ФЛУИДИНГ МС е компатибилен со сите адитиви од програмата на АДИНГ. Доколку во бетонската мешавина се користат два или повеќе адитиви потребно е да се направат претходни испитувања. Различните адитиви се дозираат посебно односно не се мешаат меѓусебно пред уфрлувањето во бетонската мешавина. ФЛУИДИНГ МС е употреблив со сите типови на портланд цемент вклучувајќи ги и сулфатно отпорните цементи.

## ПАКУВАЊЕ

Пластични канти: 5 и 20 kg
Буриња: 220 kg
Контејнери: 1100 kg



АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850;е-пошта: ading@ading.com.mk
www.ading.com.mk

АДИТИВИ ЗА БЕТОН И ЦЕМЕНТ

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинално пакување на температура од 5°C до 35°C. Рок на употреба 12 месеци.

## ОЗНАКА ЗА СЕРТИФИЦИРАН ПРОИЗВОД

| | |
|---|---|
| CE<br>**2032** | |
| **АДИНГ АД Скопје**<br>**Новоселски пат (улица 1409) бр.11, 1060**<br>**Скопје, Македонија**<br>**09**<br>**2032-CPR-08.40B**<br>**EN 934-2:2009+A1:2012** | |
| **ФЛУИДИНГ МС**<br>**Адитив за бетон, пластификатор/ успорувач**<br>**EN 934-2:T10** | |
| **Максимална содржина на хлор јони:** | **0.1%** |
| **Максимална содржина на алкалии:** | **4.0%** |
| **Корозивно делување:** | **Содржи компоненти само од EN 934-1:2008, Анекс А.1** |

Опасност по здравјето: ФЛУИДИНГ МС не содржи токсични материи, но и покрај тоа потребно да се внимава материјалот да не дојде во контакт со кожата, очите или да се проголта. Во случај на контакт со кожа или со очите, потребно е веднаш плакнење со чиста проточна вода. Доколку се проголта, потребно е да се побара медицинска помош. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Пожар: ФЛУИДИНГ МС е незапалива течност. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Чистење и депонирање: Неврзани остатоци од ФЛУИДИНГ МС се чистат со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип на отпад. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.



АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850;е-пошта: ading@ading.com.mk
www.ading.com.mk